**20250871939**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 27 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕТО НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за вршењето на инспекцискиот надзор, кој се врши од страна на Државниот просветен инспекторат и овластениот инспектор на општината, односно градот Скопје (во натамошниот текст: просветните инспектори).

### Член 2

Интегралната евалуација се врши од страна на тим на државни просветни инспектори (во натамошниот текст: тимот).

Составот на тимот и инспекциските денови се определуваат во зависност од големината и сложеноста на воспитно-образовните установи.

### Член 3

Составот на тимот и раководителот на истиот, називот на воспитно-образовната установа каде што ќе се врши интегралната евалуација и датумот, се определуваат од страна на директорот на Државниот просветен инспекторат и притоа се води грижа членовите на тимот да не се во конфликт на интереси со воспитно-образовната установа во која се врши инспекцискиот надзор.

### Член 4

Интегралната евалуација на воспитно-образовната установа опфаќа: организација и реализација на наставата, условите и културата во воспитно-образовните установи, управување, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и слично.

Подрачјата на инспекцискиот надзор преку интегрална евалуација, се подрачја кои се однесуваат на работењето на воспитно-образовните установи, во кои подрачја се задоволуваат потребите и очекувањата на учениците, родителите и вработените во воспитно-образовната установа и се следните:

а) За основно училиште индикаторите се организирани во четири подрачја (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација), кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. планирање, настава и учење,
2. постигнувањата на учениците,
3. училишна клима и односи во училиштето и

4. управување, раководење и креирање политики.

б) За државно основно училиште со ресурсен центар индикаторите се организирани во четири подрачја (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација), кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. планирање, настава и учење
2. постигнувањата на учениците
3. училишна клима  и односи во училиштето и
4. управување, раководење и креирање политики

в) За средно училиште индикаторите се организирани во седум клучни подрачја (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација), кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. наставни планови и програми,
2. постигнувањата на учениците,
3. учење и настава,
4. поддршка/ помош на учениците,
5. училишна клима,
6. ресурси и
7. управување, раководење и креирање на политики.

Член 5

При определување на воспитно-образовните установи за интегрална евалуација, се земаат предвид датумот и наодите од претходната интегрална евалуација.

Член 6

Пред да се изврши посета на воспитно-образовната установа, од страна на раководителот на тимот се информира тимот, писмено се известува воспитно-образовната установа дека е планирано да се спроведе интегрална евалуација и се доставува барање за доставување на потребната документацијата до тимот во електронска или во хартиена форма, и тоа: прашалник со општи податоци за училиштето; табела за соодветност на наставен кадар; табела за вонннаставни активности; табела за ресурсите во библиотеката; образец за квалитетот на наставен час следен од училиштето; кратки информации за директорот на училиште; список на документи од училиштето; дневен ред за состанок меѓу раководителот на тимот и директорот; прашалник за директорот; прашалник за наставен кадар; прашалник за ненаставен кадар; прашалник за родители; прашалник за ученици; методологија за дистрибуција на прашалници основно/средно; известување за родителите; известување за учениците; дневен ред за состанок со училишниот одбор; дневен ред за состанок на тимот со директорот; дневен ред за состанок со советот на родители; дневен ред за состанок со група од наставници; дневен ред за состанок со група од стручни соработници; дневен ред за состанок со локалната и со деловната заедница и дневен ред за состанок со координаторите на тимовите од училиштето формирани за: самоевалуација, граѓанска вклученост, меѓуетничка интеграција и слично (во натамошниот текст: потребната документација).

Член 7

По добивањето на потребната документација, раководителот на тимот ги распределува задачите.

Член 8

Пред фазата на имплементација, раководителот на тимот остварува средба со директорот на воспитно образовната установа.

Член 9

Со интегрална евалуација се обезбедува:

- собирање доволен број податоци за да може наодите за работата на воспитно-образовната установа да бидат сигурни и веродостојни;
- целосна проверка на наодите и фокусирање на прашањата кои што се од значење за воспитно-образовната установа;
- евидентирање на сите податоци во евиденциските формулари и
- усогласување на заедничките наоди.

Член 10

Од страна на членовите на училишниот одбор, членовите на советот на родители, наставниците и учениците, се пополнуваат стандардизирани прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од страна на Државниот просветен инспекторат.

Ако воспитно-образованата установа претходно има направено преглед на мислењата на родителите и учениците и сака да ги даде податоците за тие мислења, тимот ги користи и тие резултати.

Член 11

Активностите на тимот се одвиваат според планот за инспекцискиот надзор.

Тимот собира доволно податоци за вреднувања.

Член 12

Во текот на интегралната евалуација особено се прибираат податоци од:

- увидите во наставата и учењето;
- разговорите со наставниот кадар, учениците и другите вработени во воспитно-образовната установа;
- увидите во воннаставните активности и начинот на кој воспитно-образовната установа ги извршува секојдневните активности;
- следењето на процесите во воспитно-образованата установа, како што се евалуацијата и раководењето со работите;
- анализирањето на репрезентативни примери од тековната и неодамнешната работа на учениците;
- присуствувањето на состаноци, како на пример оние на училишниот одбор или седниците на раководството и набљудување на процесите на раководење и директното следење на наставата;
- анализирањето на документите обезбедени од страна на воспитно-образовната установа, вклучувајќи ја и евиденцијата што наставниците ја имаат за учениците и за нивниот напредок и
- анализирањето на евиденцијата што се однесува на учениците со посебни образовни потреби, вклучувајќи ги и индивидуалните наставни планови, годишните прегледи и прегледите за преодниот период.

Член 13

Најмалку 20% од планираното време за вршење надзор во воспитно-образовната установа, тимот го користи за посета и за следење на наставата, за да може потоа тимот да го оцени квалитетот на наставата.

Член 14

Формуларите, заедно со кратките информации, плановите или инструкциите подготвени од страна на раководителот на тимот, претставуваат база на податоци за интегралната евалуација.

Член 15

Тимот се состанува во текот на интегралната евалуација за да ги сподели и да ги разгледа своите наоди.

Член 16

Раководителот на тимот раководи со состаноците на тимот и обезбедува наодите за воспитно-образовната установа да бидат заеднички усогласени, за да се идентификуваат добрите и слабите страни на воспитно-образовната установа и што треба да се направи за нивно подобрување.

Член 17

Тимот ги разгледува просториите на воспитно-образовната установа, педагошката евиденција и документација, се запознава со текот на воспитно-образовната дејност, разговара со вработените, врши увид во евиденцијата и документацијата на воспитно-образовната установа, ја утврдува фактичката состојба значајна за здравјето и безбедноста на учениците, врши увид во документацијата за средствата стекнати од сопствени извори во установите за средно образование основани од државата, ги разгледува извештаите од проектите или од посебните активности и врши други дејствија кои се во согласност со целта на инспекцискиот надзор.

Член 18

При посетата на просториите на училиштето, тимот го разгледува целиот училишен простор на воспитно-образовната установа, училниците, игралиштата, спортските терени, кабинетите, училниците по одделни наставни предмети, библиотеките, работилниците во стручните училишта, санитарните простории за наставниците и учениците и слично.

При посетата на просториите, се разгледува особено:

- почитувањето на прописите од областа на здравјето и безбедноста;
- дали опремата или недостигот на опрема имаат вистинско влијание врз учениците во учењето и врз нивната благосостојба и
- дали просторот придонесува за обезбедување на пријатна средина за учениците.

Член 19

Во текот на интегралната евалуација, тимот одржува состаноци со:

- членовите на совет на родителите,
- претставници на наставниците,
- раководните лица во воспитно-образовната установа,
- претставници на учениците и
- членовите на училишниот одбор.

Состаноците од став 1 на овој член, ги води раководителот на тимот.

Член 20

За време на вршењето на интегралната евалуација не се менуваат дневните активности на воспитно-образовната установа.

Член 21

Откако тимот ќе ги констатира своите наоди, истите ги објаснува на посебни состаноци со раководниот кадар и органот на управување на училиштето.

Член 22

По добивањето на нацрт-извештајот од тимот, од страна на воспитно-образовната установа се информира училишната заедница (наставниците, учениците, Советот на родители и училишниот одбор), за резултатите од интегралната евалуација и се обезбедува достапност на целиот извештај.

Од страна на воспитно-образовната установа може да се дадат забелешки во писмена форма по нацрт- извештајот, кои се доставуваат до раководителот на тимот.

Забелешките од став 2 на овој член, се разгледуваат од страна на тимот и стануваат дел од конечниот извештај, ако тимот ги прифати.

Од страна на раководителот на тимот, се составува конечен извештај, кој се доставува до воспитно-образовната установа.

Член 23

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/06).

Член 24

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 18-6208/1
24 април 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.